ЈУ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
QENDRA INFORMATIVE KULTURORE
Јавна Установа / Institucioni publik
Бр./Nr. 01 91/2
13. 03 2024 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЈУ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА



Изработил:
Јули[illegible]

Антонио Димитров, директор

**ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА *ЛИТЕРАТУРАТА* ЗА 2023 година**

1. **Промоција на книгата „Луѓето, а не градот“ од Снежана Младеновска**

**Буџет: 10.000ден**



**Снежана Младеновска** е родена  1977 година во Скопје. Дипломирала на Факултетот за драмски уметности-Скопје, на отсекот за филмска и ТВ монтажа-2000 година. Има долгогодишно работно искуство на телевизиска монтажа и креативно обликување преку 500 документарни филмови, репортажи, патеписи и др.

**„ Луѓето, а не градот “ е** животна приказна обликувана низ книжевно-раскажувачка визура, кои се движат низ хронотопот град Скопје во текот на неколку децении. Книгата е еден вид на „Музеј на сеќавањата“ на скопски маала кои постоеле и веќе ги нема, кои постоеле и сè уште постојат, кои постоеле под едни имиња, а потоа се интегрирале со други населби и имињата останале само во сеќавањата на нивните жители“.

2. **Промоција на книгата “Ѓорѓи Доневски-доаен во зачувувањето на флкорното творештво од Егејска Македонија“ од Наташа Диденко**

**Буџет: 10.000 ден.**

„Книгата на Диденко е прво монографско претставување на придонесот на Ѓорѓи Доневски во откривањето, запишувањето, негувањето и презентирањето на богатото фолклорно творештво на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Авторката на книгата ни открива дека творечкиот истражувачки потфат на Ѓорѓи Доневски, кој го започнал во 70-тите години на XX век, е од исклучително значење за македонската фолклористика, етномузикологија и културна историја, бидејќи на македонската научна и стручна јавност првпат ѝ ја открива вредноста и автентичноста на ова неизмерно богато музичко и фолклорно наследство на македонскиот народ“.



3. **Промоција на книгата "Избрани песни од класичниот поет Су Ши" природен од Игор Радев**

**Буџет: 10.000 ден.**



Игор Радев е филолог, лингвист, синолог и преведувач од старокинески и кинески јазик. Магистрирал општа и применета лингвистика и е доктор по кинеска филологија. Д-р Игор Радев има богат опус на преведени и препеани дела од старокинески и кинески на македонски јазик. Тој е автор на првиот превод на дело од старокинески на македонски јазик (Книга за Патот и неговата Крепост од Лао Це, 2012), а автор е и на над дваесетина книги од обласа на кинеската философија и литература, лингвистиката, како и на научни статии во земјата и во странство. Се истакнува како еден од пионерите на синологијата во нашата држава.

Во овој избор се објавени околу 150 песни, а во обемниот предговор Радев дава детална анализа на поезијата на Сӯ Шѝ', но и на општите естетски особености, посебно на формите на класичната кинеска поезија, како и на културната, општествената и историската средина, во која творел поетот.

Сӯ Шѝ' (1037 – 1101), познат и како Сӯ Тōнг Пō е најпрочуениот поет од ерата на династијата Сòнг (960-1279).

**4. Промоција на книгата "Глуво време" од Виолета Танчева Златева**

**Буџет: 10.000 ден.**




„Глуво време" е новата поетска збирка од поетесата Виолета Танчева-Златева која се промовира во Изложбениот салон на Културни-информативниот центар во Скопје. Збирката 2022 година ја доби наградата „Антев златник". Виолета Танчева-Златева е поетеса, раскажувач, есеист, лектор. Родена е на 25 април 1968 г., во с. Бориево, Струмица. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата Југословенска книжевност. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 2000 година, како и на Здружението на лекторите на Македонија.



**5. Промоција на книгата „ Тежината на вториот чекор“ Ѓоре Гелев**

**Буџет: 10.000 ден**

Ѓоре Ѓелев е роден во Велес, а живее во Скопје. Тој е дипломиран инженер по системски софтвер и работи во индустријата за развој на софтвер. Во слободно време пишува поезија, планинари, слика и вежба кинеска калиграфија. Автор е на стихозбирката „Лиричност од Шекспирова“ (2020, насловот е аналогија на адресата на која живее – ул. „Шекспирова“). Тежината на вториот чекор“ е втора негова стихозбирка, претходно ја објави стихозбирката „Лиричност од Шекспирова“ (2020).











**6. Промоција на книгата „Лирски патувања" од Сузи Тенева**

**Буџет: 10.000 ден.**




Организаторите истакнуваат дека „Лирски патувања" е збирка која отвора разни прашања за животот, а стиховите поттикнуваат размисли на теми како што се: љубовта, радоста, растењето и созревањето, важноста на уметноста и убавината, патувањата, умешноста во комуницирањето, моќта на зборовите, себеспознавањето и поимањето на светот околу нас.





Сузи Тенева е родена во Скопје. Дипломира на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје. Магистерските студии ги завршува на истиот институт на темата: „Кантовото разграничување меѓу убавото и возвишеното". Докторира на Институтот за филозофија на тема: „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век". Се занимава со истражувања од областа на естетиката. Автор е на делата: „Кантовото разграничување меѓу убавото и возвишеното" (Аз-Буки, 2011) и „Мисли и зборови" (Антолог, 2014).

**7. Промоција на книгата „Систем на сетилности“ од Елизабета Линднер**
**Буџет: 10.000 ден.**




**Елизабета Костадиновска Линднер** е двојазична авторка (македонски и германски), повеќејазична поетеса, интердисциплинарна уметник, мултимедијален изведувач на поетски и експериментални перфоманси. Уредник на онлајн-списание и книжевни изданија, преведувач, куратор, уметнички директор и издавач, живее и работи во Берлин од 2006 година.
**“Систем на сетилности“** е збирка раскази која опфаќа тринаесет текстови. Овој „систем“ се протега низ повеќе од дваесет и пет години и се менува во настанакот, темите, стилот и изворниот јазик (македонски-германски) на текстовите.
„Нараторот се менува, некогаш е прво, некогаш трето лице, а она што преовладува е меланхолично расположение, „сетилности“, вљубеност, чувства, доживувања.
Сè на сè, „Систем на сетилности“ е книга што во препознатливиот стил на Елизабета Линднер Костадиновска прави моќен книжевен засек во сетилниот и менталниот систем на читателот“

**8. Презентација на едицијата: Слово Култ Славистика**

**Буџет: 10.000 ден.**

**Слово Култ** : Берлин како онлајн портал постои од 2008 година, од 2015 како регистрирана мала издавачка куќа, а од 2016 како двојазично онлајн-списание за современа поезија и уметност и веќе поседува етаблиран концепт на прикажување современи и авангардни уметности во иновативен, интердисциплинарен, мултимедијален и повеќејазичен контекст – презентирајќи интернационални, – но претежно македонски и германски – книжевни, ликовни и звуковни уметници, што е содржано и во поднасловот:

Текст/Визија/Звук – Text/Vision/Sound што најдобро можете да го забележите и во уметничките видеа што СловоКулт ги продуцира.




- Изложбата со дела од Ирена Паскали (Келн), Иван Ивановски (Скопје), Елизабета Костадиновска (Берлин) и Дијана Томиќ Радевска (Скопје), со илустрации во книжевните изданија.
- Интердисциплинарен, мултимедијален и повеќејазичен настан од неколку дела:- Книжевност:
- Текстови објавени во СловоКулт : публикации- Рон Винклер (Берлин) и Елизабета Костадиновска (Берлин) ќе читаат свои
– Стихови на македонски книжевни изданија читаа македонските поети Александар Кирковски и Мануела Златкова
– Видео презентација на поезија од Софи Рајер и Краус
– Музика: Мартин Георгиевски (Amplidyne effect) и Андреј Татарчевски од Скопје, Валерија Мерлини (JD Zazie) и Максимилијан Богнер (Margaret Unknown) од Берлин.
– Видео изложба на делата од уметниците објавени во публикациите на **Слово Култ и Арт Еквилибриум.**

**9. Трибина: „Книжевна сцена во современиот културен контекст“ – носител Ана Јовковска**
**Буџет: 10.000 ден**

„Книжевната сцена во современиот културен контекст“ е дебата во организација на авторката, новинарка и културна истражувачка, Ана Јовковска во рамки на програмата за литературна дејност „Македонски книжевни текови“ на Културно Информативен Центар-Скопје, со цел развој и афирмација на литературата и издавачката дејност во Република Македонија.

Настанот е креативен дијалог и критичко размислување со современи македонски автори кои имаат значајна улога во креирањето на моменталните книжевни текови, културни теории и политички светогледи. На дебатата беа дела на авторите, дебатирани важни општествени прашања: современите предизвици на книжевноста, културната продукција, уметноста, културните идентитети, медиумската култура и друго.








**10. Промоција на книгата „Траума и театар: Горан Стефановски“ од Мишел Павловски**

**Буџет: 10.000 ден.**

Мишел Павловски е редовен професор по културолошки студии на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговото поле на истражување вклучува културолошки студии, студии за медиумите и студии за театарот. Раководител и главен истражувач во проектот „Македонската литературна дата

база“. Главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание „Спектар“ (2010-2012).





Книгата „ Траума и театар: Горан Стефановски“ се бави со три исклучително значајни теми: културната траума, идентитетите и со театарот на големиот македонски драмски автор Горан Стефановски. Карактеристика на трудот на Павловски е театролошкиот пристап во обработката на темата, а втората значајна карактеристика на ракописот на Павловски е културолошкиот пристап кој е присутен низ целиот ракопис и кој му дава белег на ова дело.

**11. Промоција на книгата „Кадуцеј и лира“ од Сузана В. Спасовска**

**Буџет: 40.000ден**







Малата Поезија, изразени во фазите на автентична инспирација, посветена на интензивна валоризација на најзначајните феномени на човечкиот живот, и на периоди на внатрешна мисловна испразнетост, која ја пополнува со стилистички експерименти и еуфониски ефекти, тоа го потврдува целата нејзина досегашна историја.

Авторката Сузана В. Спасовска (1972) дипломирала и магистрирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Досега објавила седум стихозбирки, една студија за слободниот стих и една антологија на поезија од млади автори. Нејзини песни се објавувани во некои од изборите на македонската современа поезија.

**12. Промоција на книгата „Новогодишна приказна на Баба Ципора" од Жаклина Мучева**

**Буџет: 30.000 ден**







М-р Жаклина Мучева има дипломирано на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Иако својата едукација ја надоградуваше во образовната сфера, својата кариера ја градеше во новинарството.

Во новинарството се испробува во сите жанрови (контактни и информативни емисии, емисии за култура, програма за деца, работи репортажи и известува од разни домашни и меѓународни настани). Своето новинарско искуство го надополнува во 2004 година во редакцијата за македонски јазик во Радио Дојче Веле во Бон, Германија. Учествува во многу меѓуетнички проекти и автор е на проекти од областа на јудаизмот.

„Новогодишни приказни на баба Ципора" е своевиден мозаик од едукативни и забавни делчиња кои споени во една целина ја создаваат новогодишната слика што ја консумираме ние и нашите деца еднаш во годината. Таа волшебна слика е„вистинска" и се состои од приказни, умствени активности, една стихотворба, едно обраќање само за возрасните и вовед во новогодишната магија.

**13. Трибина : „Детска книжевна продукција " носител Ана Јовковска**

**Буџет: 30.000 ден.**



Проектот беше замислен како тематско продолжение на панел-дикусијата „Книжевната сцена во современиот културен контекст" со фокус на литературата за деца, акцентирање на важноста од едукативната компонента, педагошката функција на литературата и уметноста, развивање на креативноста кај децата и поттикнување на љубопитството преку читање во правец на развивање на критичко, иновативно размислување, како и следењето на современите светски текови на детската продукција во рамки на литературата и илустрацијата.




**14. Електронски градски културен магазин/водич - „Скопје култ“ (5 броја)**
**Буџет: 500.000ден**

Културно Информативен Центар-Скопје, во соработка со Град Скопје, го постави првиот електронски градски културен магазин, насловен „Скопје култ“, вашиот водич за изложби, театар, филм, концерти, фестивали, музеи, книги и за сите културните случувања во градските културни институции во Скопје. „Скопје култ“, во формат на колор-издание, кое ќе излегува како двомесечник, во електронска форма, ќе може да се презема бесплатно.

„Скопје култ“ носи преглед на културните настани во градот, како и авторски статии и интервјуа, за да се разбуди интересот за културата и уметноста, а културните вредности да се доближат до целата градска средина. „Скопје култ“ настана како резултат на идејата дека Скопје заслужува магазин што ќе го издигне квалитетот на нивниот секојдневен живот и има намера да прерасне во задолжително четиво на урбаната популација.



Бр. 6, април-мај 2023 г.

# СкопјеКулт

*градски културен водич*

Голема ретроспективна изложба
на Димче Николов во КИЦ

Комплетно нова „Набуко“ за почеток
на 51. „Мајски оперски вечери“

ДЕВЕТНАЕСЕТТИ „ТАНЦ-ФЕСТ“ - СКОПЈЕ
Рисима Рисимкин: Танцувајќи ја создаваме иднината

Мира Гаќина, директорка на МСУ
Изложбата во „Кунстхале Виена“, уште неотворена, веќе буди голем интерес

Априлска програма на Кинотеката на Македонија
Пролетта не е годишна доба, туку состојба на Формановиот филмски ум

Зоја Бузалковска, режисерка
Во 39 години ништо не е променето на подобро и – затоа повторно „Иванов“

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ**

**ОД ОБЛАСТА НА ЛИТЕРАТУРАТА**

1. **Промоција на книгата „Книжевен бинокулар“ од Соња Стојменска Елзесер и Славчо Ковиловски**
5. **Списание –„ГФилозофска трибина“**
6. **Промоција на книгата „Живот на меѓукат“ од Јовица Ивановски**
7. **Промоција на книгата „Дахновенија“ од проф. Атанас Конески**
8. **Промоција на речникот „Речник на медиумската писменост“ група автори**
9. **Промоција на книгата „Јанко Николовски – поетика живота“ од Жељко Руговиќ**
10. **Промоција на книгата „Пресек“ од Маја Трајковиќ**
11. **Промоција на книгата „Мед и маладост“ од Гордана Михаилова Бошнаковска**
12. **Промоција на книгата „Црвена месечина“ од Вера Симовска**
13. **ОМАЖ за Анте Поповски**
14. **Промоција на книгата „Бигор шарпланинецот“ од Ферид Мухиќ**

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ НА РЕАЛИИЗИРАНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА *ЛИКОВНАТА* ДЕЈНОСТ ЗА 2023 година

**1. Синиша Новески – скулптури**

**Буџет: 20.000 ден.**

Синиша Новески, роден на 6. септември 1978 година, е академски скулптор и искусен педагог. Има повеќе од 20 скулптури изложени во јавни простори во Македонија, Србија, Бугарија и САД. Излагал на 20 самостојни и повеќе од 30 групни изложби. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија како и на Друштвото на ликовни уметници од Македонија во Србија, во кое бил член на Управниот одбор од 2014 до 2022 г. Има учествувано во повеќе од десет ликовни колонии и симпозиуми и освоил исто толку награди како за сопствено уметничко творештво, така и за менторско-педагошко работење со студенти.

„Фамилија“ е наслов на изложбата на скулптури од Синиша Новески која е во салонот Империјал 1 во Културно- информативниоит центар во Скопје.



**2. Вангел Срнаков – слики**

**Буџет: 5.000 ден.**

„Поглед преку...“ е насловена изложбата на слики од Вангел Срнаков во Културно-информативниот центар – Скопје, Салон империјал 1.

Досегашното творештво на Срнаков изобилува со визуелност во повеќе техники на изразување, масло на платно, темпера на платно, масло на панел, емајл на „реди мејд“ панел, како и повеќе сликарски дисциплини, портрет, мртва природа, пејзаж, од фигурација до апстракција.

Срнаков, правник по професија, сликар по вокација, кој во отсуство на формалното ликовно образование, потпирајќи се исклучиво на сопствените внатрешни импулси и креативни потенцијали, се формира изолирано и самостојно, но притоа, уште во 1994 год., охрабрен и под менторство на академскиот сликар Никола Бутров, ги добива основните сликарски и технолошки поуки. Надграден со ликовните техники и изрази, ликовното творештво на Срнаков доаѓа до израз уште во 2006 година, каде што редовно е застапен на самостојни и групни изложби во земјава и во странство и до денешен ден неуморно твори и го збогатува личниот творечки опус.




**3. Тони Попов – слики**

**Буџет: 5.000 ден.**



„Минливост“ е серијал од околу 40 фигуративни слики работени во периодот од 2021 и 2022 година. Сликите се работени во акрилна или маслена техника во различни формати.

Тони Попов е уметник кој твори во повеќе медиуми. Повремено пишува сценарија за краток филм, раскази и поезија. Автор е на две збирки поезија: „Моето парче небо” (2008) и „Светот е жеден за збор” (2015). Негови песни и раскази се објавени во списанијата „Разгледи”, „Современост”, „Мантис” и друго.

Со сликарство професионално се занимава од 2011 година. Автор е на седум самостојни изложби, а учествувал на повеќе групни изложби во земјава и странство. Како уметник, бил на резидентен престој во Белгија, Данска и Норвешка. Неговите слики досега се продадени во 17 земји во светот.



**4. Виктор Соколовски – фотографии**

**Буџет: 20.000 ден.**

Чинот на фотографирање, без оглед на “студениот“ објектив е чин на магична комуникација меѓу фотографот и другата или паралелна стварност. Виктор Соколовски, како дел од публиката неизнасилено воспоставува токму таков вид комуникација, успевајќи во замрзнатиот момент од претставата да синтетизира карактеристична појавност и израз кои се поврзуваат со одредени состојби во животот. Притоа, во рамките на овој жанр документарниот карактер на визуелното бележење прераснува во една, селектирана претстава која има свои посебности.





**5. Соња Поповска Трајковска – скулптури**

**Буџет: 5.000 ден.**

Соња Поповска-Трајковска е родена 07 јануари 1969 година во Скопје. Дипломиран скулптор во керамика во ФЛУ Скопје во 1997 година. Од 1997 година активно редовно учествува на многубројни групни изложби во и надвор од државата, како и бројни самостојни изложби, организира и реализира авторски мултимедијални проекти. Таа е организатор во здружение на граѓани „Училница осум 8“, член е на ДЛУМ. Редовен ликовен педагог е во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Скопје





Животните се голема инспирација и нивната разноликост е површина  за обработување со многу капацитет за текстура, стилизација, линија. Циклус на животните, кои се најчесто од нашево поднебје , а со Магарето почна се и така му се придружија преостанатите. Скулптурите се мал формат, моделирани во керамичка замја, печени, теракота. Продолжувам со овој материјал од многу причини, можности за обработување на површината, перфорирање а воедно задржан волумен.

**6. Влатко Рафески – фотографии**

**Буџет: 30.000 ден.**





Влатко Рафески е роден 1980 година во Скопје. Со пејсажна фотографија се бави повеќе од 12 години, но љубовта кон истата трае многу подолго. Со пејсажите е вистински амбасадор на убавините на природата посебно на убавините на Македонија, но низ неговиот објектив имаат поминато и голем брј на пејсажи од други земји.




**7. Димче Николов – монографска изложба**

**Буџет: 60.000 ден.**

ЈУ Културно информативен центар – Скопје, свечено ја обележи 70 годишнината од раѓањето на Димче Николов.

Димче Николов е роден во Битола на 21 февруари 1953 година. Своето ликовно образование го започнува во училиштето за применета уметност во Скопје, а го

продолжува на Академијата за ликовни уметности ви Љубљана, на сликарскиот оддел кај проф. тефан Планинц. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии по графика како професор Богдан Борчиќ, кој ќе одигра клучна улога во неговата определба да ја одбере графиката како примарен ликовен израз и на која ќе се посвети во текот на целиот свој животен век.





**8. Катја Штркова – фотографии**

**Буџет: 5.000 ден.**




Катја Штркова-Кочовска е родена 1989 година во Скопје и веќе 10-ина години работи како графички дизајнер. Досега се има претставено со две самостојни изложби на фотографии, Tributes (2012 година) и „Во текстури“ (2016 година). „Плажарење“ е нејзина трета самостојна изложба на фотографии, со мотиви од леснотијата на секојдневието и спокојот на летните денови поминати на плажа во последните неколку години.

Мирот на човекот покрај вода, во природно опкружување. Слободата да се биде гол. Без оптоварување од погледите на другите. Светот е таму некаде далеку... Плажарење засекогаш!

**9. Андреј Марјановиќ – слики**

**Буџет: 15.000 ден.**

Изложбата е инспирирана од урбаната средина, од стрит-арт културата и нејзиниот израз и стил: боени скулптури од дрвени греди и слики на платно. Како своевидни стрит-арт тотеми, скулптурите на „коцкоглавите“ се ликови кои секојдневно се сретнуваат во градот и популарната култура: скејтер, цртач на графити, хакер, тапанар, панкер/панкерка, полицаец, политичар, баба, дедо, сомнителен лик... Спојот на дводимензионални цртежи врз тродимензионалната површина создава живи и препознатливи карактери што целосно го исполнуваат својот блок/коцка од просторот, секој на својот „ментално ограничен“ начин. Сликите, пак, се налик на стрит-арт мурали инспирирани од урбаната средина, кои се занимаваат со поголеми композиции од места во градот каде може да се сретнат ликовите на „коцкоглавите“.




„Ова се слики, сцени и карактери од секојдневието, кои се трудам да бидат своевиден портрет на општеството во кое живееме – аналогно на сликите на Питер Бројгел, Хиеронимус Бош и Џејмс Ензор, кои си играат со гротескaта, нудејќи критика на животот и луѓето од сопственото време. Се разбира, стилски се разликуваат, бидејќи јас сум растен со видео игри, стрип, анимација, графити и стрит-арт. Изложбата се состои од објекти кои со помош на едноставен цртеж и изразни елементи (линија и боја) се трансформираат од аморфен минимален објект (дрвена греда) во артефакти што содржат карактер, чувство и став.

**10. Стефан Младеновски – цртежи**
**Буџет: 25.000 ден.**

Стефан Младеновски е роден 1996 г. во Крива Паланка. Средно образование завршил во ДСУЛУД „Лазар Личеноски“ – Скопје, оддел графика. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (2020) оддел графика со насока конзервација и реставрација во класа на проф. м-р Зоран Јакимовски. Магистрирал на истиот факултет (2022) под менторство на проф. м-р Мирко Вујисиќ, област графика. Член е на ДЛУМ од 2020 г. Досега реализирал осум самостојни изложби и учествувал на преку триесет групни изложби во земјава и странство. Добитник е на три национални награди за графика.









**11. Блашка Ми Ева – слики**

**Буџет: 5.000 ден.**

Изложени беа 15-тина дела, во различна техника, акрил на хартија, акрил на платно, акварел на хартија, акварел на платно. Делата се дел од неколку различни циклуси, работени во последните три години.

Блашка Ми Ева е родена 1986 година во Скопје. Завршила средно уметничко училиште на отсекот текстил и облека, а дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот сликарство, со подотсек реставрација и конзервација на фрески и икони.

**12. Панде Петровски, цртежи**

**Буџет: 20.000 ден.**

Сликарот Панде Петровски е роден на 25.9.1939 година во Брусник, Битола. Во 1963 година завршил Педагошка академија. Член е на ДЛУБ (Друштво на ликовните уметници на Битола ), ДЛУМ (Друштво на ликовните уметници на Македонија) и МНД (Македонско научно друштво). Соработувал со повеќе весници и списанија, а застапен е и во Антологиите на македонскиот и балканскиот афоризам.



Од основањето во 2005 година учествувал и ја раководи како координатор ликовната колонија „Де Ниро" – Битола, а учествувал и на уште дваесетина други меѓународни ликовни колонии во Македонија (Велес, Нижополе, Кавадарци, Дојран, Гевгелија, Струга, Дрен, Белчишта), а исто така и во Србија, Црна Гора, Албанија, Грција и Романија.





**13. Тони Васиќ, цртежи**
**Буџет: 20.000 ден**

Тони Васиќ е роден во 1966 година во Скопје. Дипломирал на Факултет за ликовни уметнотсти – Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, каде магистрирал графика на Факултет за ликовни уметнотсти – Скопје. Додека, пак, докторирал на Институтот за културолошки студии, Универзитет Евро-Балкан, Скопје

Во периодот од 1988 година учествувал на повеќе од 500 национални и меѓународни групни изложби во Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Унгарија, Јапонија, Кореа, БиХ, Франција, Германија, Белгија, Полска, Романија, Хландија, Литванија. Добитник е на 13 награди за уметност и дизајн. Работи како професор на Факултетот за архитектура и дизајн на Уноверзитетот Американ колеџ Скопје. Член е на ДЛУМ од 1991 година.




Кореографијата на цртежите на Тони Васиќ ја покажува неговата висока стручност како сликар, графичар, дизајнер. Неговата рака е неговото око, неговото око и гледа и чувствува, и се сеќава и комбинира, сето тоа за, на крај, да ја раскаже и да ја врами моќната ликовна приказна на белите, кршливи билки кои постојат на границата меѓу физичкото и метафизичкото, меѓу природата и душата. Поле глуварки е поле на визуелната имагинација.

**14. Ана Трајковска и Ивана Самандова - графичка инсталација**

**Буџет: 20.000 ден.**



Проектот „FLUX: Surfacing“ е продолжение на интерактивната изложба „FLUX“ организирана од страна на Ивана Ќ. Самандова и Ана Трајковска која што се оддржа во ноември во отворено графичко студио, 2022 година. Ана Трајковска е дипломиран графичар, отсек графика со модул конзервација и реставарција. Таа е главно насочена кон графиката како медиум. Експериментирајќи се обидува да пронајде нов начин на визуелно комуницирање применувајќи ја оваа техника, и интегрирајќи со други медиуми и визуелни форми, трагајќи по начини да ја оддалечи од нејзиното традиционално восприемање. Ивана Ќ. Самандова дипломира на отсек сликарство, модул конзервација и реставрација. Нејзината уметничка практика се фокусира на процесите на набљудување и истражување на социо-политички проблематики, структури, однесување и интерконекции помеѓу специфични ситуации на една заедница или индивидуа.



**15. Љубиша Камењаров-дигитална графика**

**Буџет: 15.000 ден.**

Љубиша Камењаров, роден 1978, во Скопје, со својот интерес за цртање и создавање, во 1993 година се запишува во Средното училиште за применета уметност „Лазар Личеноски" – Скопје. Своето образование го продолжува на Факултетот за ликовна уметност – Скопје, оддел вајарство, и дипломира 2004 година.

Од 2005 до 2007 работи на изработка на сценографии за разни театарски и филмски продукции. Во 2007 тие искуства ги преточува во свои кусометражни видео остварувања и учествува на Фестивалот за видеоарт „Videospritz" во Трст, Италија, како и на Скопскиот филмски фестивал, со експерименталното видео „Согласник". Почнувајќи од таа година, како член на уметничка група, дел е од разни уметнички перформанси.

Замисла на изложбата потекнува од едно лично видување за единственоста на личноста наспроти опкружувањето и човековата збирна множина. Понатаму продолжува како прикажување на два соседни, идејно и физички засебни делови, при што: еден дел е посветен на личноста и засебноста (индивидуалноста), а другиот на мнозинството и заедничкото (колективноста).


Крајбрежево
Потребилиште
Желбовица
Желбовица
Мечталиница
1 Резултат:
**Изложба** на Љубиша Камењаров
Културно-информативен центар,
Скопје.
06.09 - 19.09. 2023
20:00 ч.

**16. Костадин Танчев-Динка, слики**
**Буџет: 30.000 ден.**

„Мигновение“ е насловена изложбата на слики од Костадин Танчев-Динка, која ќе се отвори вечерва во 20 часот во Културно инфортамативниот центар (КИЦ) во Скопје. Танчев-Динка важи за еден од најзначаните современи македонски уметници, водечки мајстор иноватор во наставата по дизајн, бележит сценограф, врвен изработувач на плакати и дизајнер на публикации.

Танчев е роден во 1940 во Валандово, а училиште за применета уметност завршил во Скопје во 1961. Од 1961 студира на Академијата за применета уметност во Белград, а по завршувањето на првиот степен, по препорака на Универзитетскиот совет на Белградскиот универзитет во текот на 1963-1964 бил на специјализација во Лондон. Од 1969-1970 година работи во секторот за маркетинг во НИП „Нова Македонија“. Од 1973-1975 година престојувал во Париз каде што изложувал во повеќегалерии. Во 1975 учествувал на изложбата „50-те млади надежни сликари“ на Мајскиот салон „Дефанс“ во Париз.




Учествува во реализацијата на издавачката дејност на Факултетот, особено во издавање на Графичката мапа на професорите на ФЛУ во 1987, публикацијата по повод десетгодишниот

јубилеј на ФЛУ, студентската мапа од 1986 и поголем број каталози и идејни решенија за потребите на Факултетот.





**17. Соња Димовска - дигитални графики**
**Буџет: 10.000 ден.**




Визуелно и емотивно патување кое го отсликува истражувањето за пространоста. Изложбата е мисловно и потопливо искуство кое навлегува во сложените теми на човечката состојба и нашето место во универзумот - почнувајќи од паркот, пред или позади вашата зграда, во вашето маало, населба, или во паркот на авторката Соња Димовска... таму меѓу гранките е метафората за оттурнување на небото како претстава за ослободување од ограничувањата, моќно одекнувајќи со поетска интроспекција и контемплација, наведува проф.Лазе Трипков во осврт за изложбата.






**18. Страхил Петровски, мултимедијален проект**

**Буџет: 25.000 ден.**




Куратор на мултимедијалниот проект е Маја Чанкуловска – историчар на уметноста, а во рамките на проектот прикажани се дела од најновата продукција на Петровски создадени 2023 год., а се работени во различни медиуми: просторна инсталација, дела на хартија и „ready-made“ објекти и видео инсталација во салонот Империјал 2.

Роден во 1974 година во Куманово, Република Македонија, Страхил Петровски е претставник на средната генерација визуелни и мултимедијални уметници. Тој дипломира сликарство во 1997 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, Факултет за ликовни уметности, во класата на ред. проф.

Родољуб Анастасов, по што во 2000 година завршува постдипломски студии на истиот факултет кај истиот ментор. Од 2000 до 2002 година работи како надворешен соработник демонстратор по предметот Сликарска технологија и сликарски техники, кај проф. Момчило Петровски и проф. Вело Ташовски, на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, а од 2002 до 2010 година хонорарно е ангажиран во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје како надворешен соработник конзерватор во лабораторијата за конзервација и реставрација на икони.




**19. Екс Либрис-групна изложба на графики**
**Буџет: 30.000 ден.**




Меѓународна изложба „Ex Libris Скопје 2023“, што буквално значи „од книгите на”, е латински израз што се користи за означување сопственост на книга. Еџ Либрис графиката се однесува на уметничките идентификации поставени во книгите за да ги означат сопствениците и воедно да ја украсат книгата, соопшти КИЦ-Скопје.
Делата се изработени во различни традиционални графички техники, како

линорез, сува игла, бакропис, мецотинта, акватинта, фотолитографија, како и современи техники – дигитална графика и нивно комбинирање.

Изложбата е биенална, а првото издание се одржа во 2012 година. Колекцијата од изданијата на меѓународната изложба „Ex Libris Скопје“ досега има над 600 дела од 300 автори од четириесетина земји.



**20. МОМИ- групна изложба**
**Буџет: 30.000 ден.**




Изложбата „Мајкинство“ растеше и се развиваше преку заеднички процес на создавање и интеракција меѓу членовите на нашата група во текот на повеќе месеци. Нашата група има

7 члена, и секоја од нас инициираше дело на зададената тема. Иницијалниот концепт беше претставен со скици, објаснувања и насоки, а потоа сите имавме можност да го следиме развојот на секое дело преку заедничка комуникација онлајн, како и преку нашите состаноци во живо. Секоја од нас имаше можност да надополни било кое од делата според своето видување и интерпретација.

МОМИ е уметничка група од седум авторки кои делуваат заеднички од почетокот на 2012 година, поврзани преку своите креативни идеи и инспирации за создавање, како и блискоста на проблематиките кои се провокативни за нивно истражување.

Групата МОМИ ја сочинуваат: Ана Ивановска, Кристина Хаџиева, Зорица Зафировска, Маја Кировска, Марија Сотировска, Татјана Ристовска и Христина Зафировска.



**21. На изворот на Климент и Наум - групна изложба**

**Буџет: 150.000 ден.**

Создадените дела на еминентни македонски уметници говорат за зацврстувањето на корените, почитта и пиететот кон делото на Свети Климент и Свети Наум Охридски, кои се еден од најмоќните столбови на нашето постоење и идентитет.

На изложбата ќе бидат застапени дела на: Васко Ташковски, Глигор Чемерски, Благоја Дрнков, Петар Хаџибошков, Симон Шемов, Павле Кузмановски, Петар Попчев, Владимир Георгиевски, Стефан Хаџиниколов, Доне Миљановски, Ставре Димитров - Стадим, Илија Аџиевски, Димитар Малиданов, Благој Чушков, Ангеле Нацевски, Новица Трајковски, и други.



Свети Климент и Свети Наум Охридски се творечка инспирација на сликарите , музичарите, копаничарите и поетите. Тие се отворена тема и мотив, секогаш длабоко инспиративен и благороден за творечка креација, затоа што , преку нивната светлина уште повеќе се зацврстува нашиот идентитет и алките на нашиот духовен континуитет.



**ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДРШКА НА РЕАЛИИЗИРАНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2023 година**

1. Никола Јовановиќ – фотографии
2. Дафина Шекутковска – слики
3. Александар Кондев – фотографии
4. Слово Култ – групна изложба
5. Диме Темков – слики
6. Сашо Димовски – фотографии
7. Современ Македонски стрип – групна изложба
8. Виктор Јаневски – слики
9. Снежана Шумковска – слики
10. Тони Шулајковски – слики
11. Модерна смрт – групна изложбаС
12. Мал формат- групна изложба
13. Орце Нинески – слики
14. Зрно фестифал – групна изложба на фотографии

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

**НА *МУЗИЧКИ* СЕКТОР ЗА 2023 ГОДИНА**

Програмата на музички сектор за 2023 година беше разновидна и многу богата од аспект на различни жанрови на музика и различни уметници од нашата држава и гости од странство. На програмата беа реализирани концерти од класична музика, електронска музика, џез концерти и неколку концерти од серијата unplugged.

Реализирани концерти во 2023 година:

12 концерти од музичка дејност – 500.000 ден.

**1.ПИЈАНО ДЕЈ – ДЕН НА ПИЈАНОТО - СКОПЈЕ 2023**

**Буџет: 70.000**




Ова година беше 7-мо а воедно и специјално издание по ред откако постои настанот, кој како и минатите години се празнуваше со убава музика и многу пријатна атмосфера. Настанот почна со стручните предавања од областа на пијанизмот каде се третираа

различни теми од: Изучување на пијаното кај децата од предучилишната возраст, пијанистичкото творештво на Клара Шуман, Таубман метода и пијаното во македонскиот игран филм. Вториот ден од овогодишниот настан почна со концертот на италијанското дуо: Luigi Di Miele – пијано и Alina Maria Taslavan – виолина, со дела на Arvo Part и Vladimyr Martinov, а потоа продолжи со една варијанта на Piano day lounge, каде ученици свиреа различни дела од различни композитори а присутните во публиката можеа да бидат дел од сцената. После овој дел од настанот продолжи со последниот дел Звуците на класиката, одбележувањето на јубилејот 150 години од раѓањето на Сергеј Рахмањинов и композиции од макендонската композиторка Бете Илин.

**2. ЏЕЗ ДЕЈ 2023**

**- КОНЦЕРТ НА СПИРОВСКИ & ОМЕРАГИЌ ДУО – TWO WAYS EAST – 15.000,00**

**- КОНЦЕРТ НА ШАРЕСКИ & БЕНД**

**Буџет: 20.000**




Во салон 19:19 се реализира концертот на **Спировски & Омерагиќ дуо** и **Георги Шарески бенд**, кој воедно беше и одбележување на меѓународниот ден на џезот за оваа година **– Jazz day 2023.**

На концертот прозвучи импровизаторско-авторска и авторска музика.

**„TWO WAYS EAST''** - од дуото Нинослав Спировски и Дени Омерагиќ беше прва изведба во живо на материјалот од истоимениот албум, издаден од издавачката куќа ШАРЛА. На програмата имаше три композиции за два клавира и електроника, додека Георги Шарески се претстави со нов авторски материјал кој оваа година ќе биде објавен како 10-ти по ред студиски албум на Шарески, со жанровски-неограничена и шаренолика музика.






**3. КОНЦЕРТ НА ЈОРДАН КОСТОВ КВАРТЕТ (UNPLUGGED)**
**Буџет: 30.000 ДЕН**



Музиката на Јордан Костов патува низ измислените градови. На овој концерт беше презентирана неговата најнова авторска музика, компонирана во Токио, Ханој, Сајгон, Кунмумг и на неговиот пат за назад во родната Македонија. Со него на сцена настапија: Ајуми Саита вокал , Саша Саита и Дамјан Грујо - перкусии. Овој концерт беше прв од серијата unplugged концерти.





## 4. ГЛИГОР КОНДОВСКИ – ЏЕЗ ТРИО – ВИОЛИНА, ТРОМБОН И КОНТРАБАС (UNPLUGGED)

**Буџет: 20.000 ДЕН.**

Џез трио: Кондовски, Дробицки и Омерагиќ е неконцептуален современ и слободен џез стил во комбинација на фразирање во стилот на класичната музика и импровизации. Импровизациите создаваат композиции конструирани во зададена форма. Издадени се два музички албуми: “Away” и “Outcasts” за издавачката куќа: PMGJAZZ, кои беа дел од програмата за овој концерт.

Албумите се приказни искажани преку музика и генерално раскажуваат четива за имиграцијата, за напуштените домови, за анксиозноста и напуштање на младите луѓе за подобар свет, воедно и отпадништвото на уметниците кои се трудат да ја подигнат културата како на глобално, така и на локално ниво а стилот на неконцептуалност е креирана во слободните импровизации, паралелно со тоа се доловува и приказната за слободното делување како и одговорноста на самата слобода во нас, како луѓе, а пред се како уметници. Концертот беше втор во серијата unplugged концерти.





**5. СЛОВОКУЛТ – ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНС СО ЗВУК ОД СОВРЕМЕНИ УМЕТНИЦИ Буџет: 20.000 ДЕН**

Во изложбениот салон Империјал 1 се реализира интердисциплинарниот проектот: Слово Култ – поетски перформанс со звук од современи уметници. Програмата за овој проект опфати различни дејности бидејќи имаше текстуален, визуелен и звучен дел – ТЕКСТ/ВИЗИЈА/ЗВУК. На концертот имаше гости од Берлин како и уметници од нашата земја кои создадоа нови звуци на експерименталната и електронската музика.






**6. БЕЛА НОЌ**

**- КОНЦЕРТ НА ТРИО ЏЕНТЛМЕН**

**Буџет: 25.000 ДЕН.**

**- ГРУПА БАКЛАВА**

**Буџет: 25.000 ДЕН.**




Во изложбениот салон Империјал 1 како дел од манифестацијата Бела Ноќ, се реализира концертот на Трио Џентлмен и групата Баклава. Трио Џентлмен - настапија во акустична верзија, во придружба на гитара, а во салонот се пееа македонски и италијански народни, староградски и забавни песни додека групата Баклава настапи со поразличен состав од обичниот но во придружба на матрица која беше како нивен член од групата. Прозвучеа песни во нивен препознатлив стил.





7. **КОНЦЕРТ НА СТЕФАН КРИСТОФ (КАНАДА) – SOUNDING WORLDS**

**Буџет: 25.000 ДЕН.**

Во салон 19:19 се реализира концертот - **Sounding Worlds**, за пијано и звучни пејзажи предводени од музичарот и активист **Стефан Кристоф**. Во оваа изведба во живо на проектот Sounding Worlds ја слушнавме акустиката на внатрешниот градски транзит, тоновите на метрото во Монтреал, до зимските прошетки по снежните улици во градот, особено од областа каде живее имигрантската работничка класа Park Extension, каде во моментов се одвива голема борба против гентрификацијата. Исто така, прошетки низ Тихиот Океан од пролетта 2022 година, гласот на боливиско-канадскиот поет Алехандро Саравија и музиката на пеачите на Бафало Хет кои настапуваат на зимскиот протест за да повикаат на правда во случаите со исчезнатите и убиени домородни жени.





8. **КОНЦЕРТ НА SO SNER (АВСТРИЈА)**

**Буџет: 35.000 ДЕН.**



Стефан Шнајдер и Сузана Гартмаер го формираат проектот So Sner, кое своето постоење го должи на концертот во 2015 година на фестивалот Approximation во Дизелдорф. Полифониите на бас-кларинетот на Гартмаер толку го импресионирале Шнајдер што тој брзо предложил соработка. Истата година, тие почнаа да го снимаат албумот „Reime“ во поранешното студио Kling Klang на Kraftwerk, кое во 2015 година стана работен простор и место за концерти едноставно наречено Elektro Müller. Вториот дел е снимен во летото 2020 година во Дизелдорф-Кајзерсверт во црквата Стамхаус, чија внатрешна дрвена облога ја олесни органската акустика. Цела оваа комбинација на овие звуци прозвучеа во нашата сала на нивниот концерт.



**9. КОНЦЕРТ НА ЛЕТЕЧКИ ПЕКИНЕЗЕРИ (UNPLUGGED)**

**Буџет: 30.000 ДЕН.**



Во салон 19:19 се реализира концертот на групата **Летечки Пекинезери.** (трет од серијата unplugged концерти). Содржани во концертот беа композиции од нивните два албуми "Летечки Пекинезери " и "Изложба На Кучиња", а исто така се изведе материјал од нивниот трет албум кој во брзо време ќе биде објавен на винил и на дигиталните платформи.





9. **КОНЦЕРТ НА ДИНА ЈАШАРИ – КАКО ДОМА (UNPLUGGED)**

**Буџет: 35.000 ДЕН.**



Концертот на Дина Јашари **– Како дома,** беше последниот концерт од серијата unplugged концерти и последен за музичката програма за оваа година.

На програмата за овој концерт беа испеани поголемиот дел од нејзините хит песни во многу симпатична сценографија која те правеше да се чувствуваш како насловот на овој концерт – Како дома.





# ЗВУКОТ НА СКОПЈЕ 2023 ГОДИНА

**Буџет: 600.000 ДЕН.**

Во рамките на музичката програмска дејност, заврши уште една многу успешната реализација на манифестацијата **„Звукот на Скопје" 2023**. Официјалното отварање се случи во продажниот салон каде имаше отварање на изложбата на фотографии "Скопје под лупа''од Јована Савевска, додека во кулпаркот пред КИЦ – Скопје имаше летно кино, проекција на филмовите: "Примо Да Круз'' (документарен филм), во режија на Алексис Зеленски, како и "Снежана на крајот умира'' во режија на КристијанРистески. Музичкиот дел од овогодишната манифестација се одржа на две локации истовремено, плоштадот "Мајка Тереза'' и паркот "Ибни Пајко''. На главната сцена на плоштадот "Мајка Тереза'' програмата беше разновидна и со различен карактер каде како предгрупа настапи младиот бенд КЕМ, после нив SIZ, гостите од Република Србија – бендот Natalee а програмата за овој фестивал ја затвори групата Фолтин, додека на втората сцена, настапија надежни и млади уметници кои ја имаа шансата да настапат во ваков реномиран фестивал: групите "Zanadu'', "Стој, После'' и "Dimish''.

**Плоштад "Мајка Тереза''**

















**Парк “Ибни Пајко’’**






PREMIER




PREMIER



## КОНЦЕРТИ РЕАЛИЗИРАНИ ПО УСВОЕНИОТ РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ЗА 2023 ГОДИНА

**Буџет: 1.000.000 ДЕН.**

**ФЕСТИВАЛ ВО 19:19**

Во рамките на својата програмска активност од музика дејност, на 12.12.2023 и 13.12.2023 година во салон 19:19 се реализираше Фестивалот во 19:19.

Фестивалот почна со два концерти од класичната музика додека последниот концерт беше концерт на нова електронска музика. Концерт почна со пијано дуо "Гелебешеви" кои настапиа со дела од светски познати композитори како што се К. Дебиси и Ф. уберт и потоа продолжи со концертот на дуо Вејсели / Бафтиари каде се пееа познати соло песни и оперски арии од различни светски композитори. Последниот концерт беше концерт на нова музика, електронска музика со различни ефекти и употребување на клавирот - Amplidyne effect / Axiotomic.









Вториот ден од Фестивалот почна со акустичниот концерт на Трио Имери/Арифовска/Кацарски и нивните преработки на народни песни и мелодии за пијано, кавал/виолина и хармоника, а потоа продолжи со вториот концерт и настапот на бендот Калата, кои дадоа друга димензија и атмосфера во салата. Последниот концерт беше концерт на бендот Improof, концерт на нова музика, електронска музика со различни ефекти и различни инструменти.







KORG



**ВОНПРОГРАМСКИ КОНЦЕРТИ**

1. 23.03.2023 – Музика за медитација
2. 07, 08 и 09.04.2023 – Кларифест
3. 11 и 12.04.2023 – Инструментите на моите претци
4. 12.05.2023 – Рецитал на ученици пијанисти
5. 16.05.2023 – Концерт на албанската паралелка при ДМБУЦ “Илија Николовски – Луј”
6. 19.05.2023 – Концерт за кларинет и пијано
7. 16.06.2023 – Концерт – Пијано академи
8. 07.07.2023 – Матеј & френдс
9. 12.07.2023 – Пијано дуо
10. 20.07.2023 – Концерт за глас и пијано
11. 22.09.2023 - “Il Belcanto nella tradizione Italiana”
12. 28 и 29.09.2023 – Концерт за медитација
13. 13.10.2023 – Концерт – Трио Пејиќ
14. 11.11.2023 – Концерт за виолина и пијано
15. 27.11.2023 – Концерт – Дирекција за култура на Град Скопје
16. 01.12.2023 – Концерт во соработка со Австриска амбасада
17. 10.12.2023 – Концерт за глас и пијано
18. 11.12.2023 – Концерт – Руска романсијада
19. 16.12.2023 – Концерт – Пијано академи
20. 22.12.2023 – Концерт – сопран и пијано
21. 23.12.2023 – Здр. Модоарс - Концерт за деца

**ВОНПРОГРАМСКИ ДРАМСКИ ПРЕТСТАВИ**

1. 28.03.2023 година, во Салон 19,19 во 19.00 часот - Изведба на детска Драмска претстава на членовите на детското драмско студио ЛАРТ ПОУР ЛАРТ од Скопје.
2. 05.05.2023 година, во Салон 19,19 во 12.00 часот. - изведба на драмска претстава "2-1" на театарска група АБРАКА - ДАБРА ДОО Скопје.
3. 08.05.2023 година, во Салон 19,19 во 12.00 часот. - изведба на драмска претстава "2-1" на театарска група АБРАКА - ДАБРА ДОО Скопје.
4. 10.05.2023 година, во Салон 19,19 во 20.00 часот - изведба на Драмска претстава: "ЛЕТС ДЕНС", во изведба на учениците од СУГС Гимназија „Орце Николов".
5. 15.05.2023 година, во Салон 19,19 во 20.00 часот, Драмска претстава: "Менувам маж" , во изведба на учениците од СГГУ Здравко Цветковски.
6. 27.09. 2023 година, во 12,00 часот во САЛОН 19,19, изведба на Интердисциплинарниот проект "КРАЈ ОГНОТ " во режија на Наталија Славкова.
7. 18.12.2023год. во Салон 19.19, со почеток во 18,30 часот. - Новогодишна детска претстава: „Веселиот Дедо Мраз" , во изведба на - ТЕАТАР ПРОВОКАЦИЈА ДОО - Скопје.
8. 18.12.2023г., со почеток во САлон 19,19 во 10,00 часот. - Новогодишна детска претстава: „Дедо Мраз, мечињата и Плачко" во изведба на Здружение за културна мотивација "КУЛТИ-ВАТОР".
9. 19.12.2023г., со почеток во Салон 19,19 во 18,30 часот. Новогодишна детска претстава: „Рудолф и Елф" во изведба на Друштво за едукација и услуги ТЕАТАР ЗА ТЕБЕ ДООЕЛ Скопје
10. 21.12.2023г., во Салон 19,19, со почеток од 09.00 и од 10,30 часот. - Новогодишни детски претстави: „Дедо Мраз, мечињата и Плачко" на 21.12.2023г., во изведба на Здружение за културна мотивација "КУЛТИ-ВАТОР".
11. 26.12.2023г., во Салон 19,19, со почеток од 18,00 и од 19,00 часот. - Новогодишни детски претстави „Веселиот Дедо Мраз", во изведба на ТЕАТАР ПРОВОКАЦИЈА ДОО - Скопје.

*Антонио Димитров, директор*